


# Упис на студенти на I (прв) циклус на студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии 2013/2014

1. Се известуваат сите кандидати дека и оваа година се применува електронското пријавување при упис на било кој од факултетите при Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје. **Електронското пријавување** се извршува на веб-страницата www.upisi.ukim.mk во периодот од **20.06.2013 до 16.08.2013 година.** На денот на уписите (15 и 16.08.2013 како и на следните други два термина, согласно табелата од точка 2), се молат сите кандидати при поднесувањето на документи, на уписниот лист да биде запишан **ИД бројот од електронската апликација** добиен преку системот **iKnow.** Кандидатот да ја пополнува апликацијата исклучиво со македонска поддршка.

2. Рокови за пријавување и запишување

| | **Прв рок** | **Втор рок** | **Трет рок** |
|---|---|---|---|
| **Електронско пријавување на кандидатите во IKnow системот** | **од 20 јуни** | | |
| **Пријавување на кандидатите** | **15 и 16.08.2013** | **3 и 4.09.2013** | **17.09.2013** |
| **Објавување на резултати од успехот од средно образование** | **21.08.2013** | **10.09.2013** | **18.09.2013** |
| **Прелиминарна ранг листа** | **22.08.2013** | **11.09.2013** | **18.09.2013** |
| **Објавување на конечна ранг листа и решение за прием на кандидатите** | **26.08.2013** | **12.09.2013** | **20.09.2013** |
| **Запишување на кандидатите** | **29 и 30.08.2013** | **13 и 16.09.2013** | **20.09.2013** |

**НАПОМЕНА:** Кандидатот има право на приговор до конкурсната комисија во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите од успехот од средно образование и прелиминарната ранг листа.

Доставувањето на приговорите може да се изврши во периодот од 21-23.08, 2013 година (прв уписен рок), од 10-11.09, 2013 година (втор уписен рок) и од 17-18.09, 2013 година (трет уписен рок).

Во спротивно, кандидатот го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати. Приговорите се поднесуваат во архивата на Факултетот или преку системот iKnow.